# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 1/2023 31.01.2023 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.19/2023 одржана на ден 30.01.2023 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Програма за работа и развој на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2023 година бр. 26-92/3,
2. Финансиски план со план за јавни набавки на ЈКП Никола Карев за 2023 година бр. 26-92/4,
3. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2023 година бр. 26-92/5,
4. Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-92/6,
5. Финансиски извештај за извршување на буџет на Општина Пробиштип за период од 01.01 до 31.12 2022 година бр. 26-92/ 7,
6. Одлука за усвојување на предлог план за УБ14.1 за град Пробиштип бр. 26-92/8,
7. Одлука за усвојување на предлог план за УБ 7.1 за град Пробиштип бр. 26-92/9,
8. Одлука за усвојување на предлог план за УБ.10.2 за град Пробиштип бр. 26-92/10,
9. Извештај за работа на ТППЕ Пробиштип за 2022 година бр. 26-92/ 11,
10. Деловник за изменување и дополнување на Деловник за работа на Општински совет за социјална заштита бр. 26-92/ 12,

11. Деловник за работа на Општински совет за социјална заштита–пречистен текст бр. 26-92/12-1,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-92/14
31.01.2023 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015 и 23/2019) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, расправајќи по Програмата за работа и развој на ЈКП Никола Крев Пробиштип за 2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се дава согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година бр. 01-931/1 од 23.12.2022 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор бр. 02-934/1 од 26.12.2022 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година бр. 01-931/1 од 23.12.2022 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор бр. 02-934/1 од 26.12.2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/3
30.01.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015 и 23/2019) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22 и 274/22)

Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, расправајќи по Финансискиот план на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансиски план на**
**ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година бр. 05-932/1 од 23.12.2022 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-935/1 од 26.12.2022 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година бр. 05-932/1 од 23.12.2022 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-935/1 од 26.12.2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.01.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002) и член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Советот на општина Пробиштип расправајќи по барањето Согласност на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во ЈКП „Никола Карев„ од Пробиштип, на седницата одржана на ден 30.01.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип бр. 02-29/1 од 16.01.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип бр. 02-29/1 од 16.01.2023 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-92/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.01.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија број 5/2002 ) а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип " број 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.01.2023 година , донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бодот**
**за пресметување на платите на административните службеници во Општина Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во општина Пробиштип и јавните службеници кај буџетските корисници во општина Пробиштип за 2023 година.

Вредноста на бодот за пресметување на платите за 2023 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пробиштип ", а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2023 година.

Број 26-92/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.01.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.01.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-92/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.01.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Милано с.р.

---

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ" бр.32/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.01.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за донесување на Конечен Предлог-Детален Урбанистички План (ДУП) за Урбан Блок 14, Урбан опфат 14.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВА Конечен Предлог – Детален Урбанистички План (ДУП) за УБ 14, УО 14.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со тех.бр.10/2019 од 11.2022 год. по предходно добиена Согласност од страна на МТВ-Сектор за уредување на просторот, бр.21-2651/5 од 29.12.2022 год.

Границате на конкретниот плански опфат се:
- на запад по Колекторска улица 2, по ГУП на град Пробиштип,
- на северо-запад по Колекторска улица 2, по ГУП на град Пробиштип,
- на северо-исток по границата на КП 634/5 и КП 604,
- на југо-исток по пешачка патека од соседен ДУП 15.3 и по пристапна улица новопланирана 2 од соседен ДУП 15.3, по границата на ГУП на град Пробиштип, по блоковската поделба на ГУП за град Пробиштип (по постојна патека),
- на северо-исток по Колекторска улица 3, по ГУП на град Пробиштип,
- на југо-исток по границите на КП 735/1 и КП 736/1,
- на северо-исток по границата на ГУП на град Пробиштип и по блоковската поделба на ГУП на град Пробиштип,
- на исток по Колекторска улица 1, по ГУП на град Пробиштип,
- на југо-запад по Магистрална улица профил А по ГУП на град Пробиштип,
- на запад по Пешачка улица 2, по соседен план ДУП 13.1 и по границата на КП 634/1,
- на југо-запад по границата на КП 634/1.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува П=16,26Ха.

Конечниот Предлог – Детален Урбанистички План (ДУП) за УБ 14, УО 14.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 10/2019 од 11.2022 год., е изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје.

Член 2

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/8
30.01.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ” бр.32/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник” на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.01.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за донесување на Конечен Предлог-Детален Урбанистички План (ДУП) за Урбан Блок 7, Урбан опфат 7.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВА Конечен Предлог – Детален Урбанистички План (ДУП) за УБ 7, УО 7.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со тех.бр.28/2018 од 11.2022 год. по предходно добиена Согласност од страна на МТВ- Сектор за уредување на просторот, бр.21-3947/4 од 29.12.2022 год.

Границите на конкретниот плански опфат се:

- на север границата започнува со пресек на ул.„8-ми Септември„ и ул.„Никола Карев„ односно КП.бр.1246/13, и продолжува по осовината на ул„8-ми Септември„ на југозапад се до пресекот на ул„Осоговска„ односно КП.бр.1426/1.
- на запад границата започнува од пресекот на ул.„ 8-ми Септември“ и ул.„ Осоговска“ , односно КП.бр.1426/1 и се движи на југ по осовината на ул.„ Осоговска„ се до пресекот на ул.„Димитар Влахов„ односно КП.бр. 1526/1.
- на југ границата започнува од пресекот на ул. „ Осоговска„ и ул.„Димитар Влахов„ односно КП.бр. 1526/1 и се движи на југоисток по осовината на ул. „Димитар Влахов“ се до КП.бр.1526/2, односно до пресекот со ул.„Кочо Рацин“.
- на исток границата започнува со пресекот на ул.„ Димитар Влахов„ и ул.„ Кочо Рацин„ односно КП.бр.1426/17 каде се спојува со ул.„ Никола Карев„ и се движи на север се до пресекот со ул. „ 8-ми Септември„ односно КП.бр.1426/13.,

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува П=4,2 Ха..

Конечниот Предлог – Детален Урбанистички План (ДУП) за УБ 7, УО 7.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 28/2018 од 11.2022 год., е изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје.

Член 2

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.01.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ" бр.32/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.01.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Конечен Предлог-Детален Урбанистички План (ДУП) за Урбан Блок 10, Урбан опфат 10.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВА Конечен Предлог – Детален Урбанистички План (ДУП) за УБ 10, УО 10.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со тех.бр.151/2017 од 11.2022 год. по предходно добиена Согласност од страна на МТВ-Сектор за уредување на просторот, бр.21-4123/6 од 26.12.2022 г.

Границате на конкретниот плански опфат се:
- на север границата започнува со пресек на ул.„Јордан Стојанов„ и ул.„Нада Михајлова„ односно КП.бр.507/1, и продолжува по осовината на ул„Јордан Стојанов„ на југозапад се до пресекот на ул„Партизанска„ односно КП.бр.508/2.
- на запад границата започнува од пресекот на ул.„Јордан Стојанов и ул.„Партизанска„ односно КП.бр.508/2 и се движи на југ по осовината на ул.„Партизанска„ се до КП.бр.519/5 од каде се движи на запад се до ул.„Јаким Стојковски„ односно КП.бр. 1011/1.
- на југ границата започнува од КП.бр. 1011/1 и се движи на југоисток по осовината на ул.„Јаким Стојковски„ се до КП.бр. 1080 односно до пресекот со ул.„Нада Михајлова.
- на исток границата започнува со пресекот на ул.„ Јаким Стојковски„ и ул.„Нада Михајлова „односно КП.бр.10180 и се движи на север по осовината на ул.„Нада Михајлова„ се до пресекот со ул. „Јордан Стојанов„ односно КП.бр.507/1.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува П=7,32 Ха..

Конечниот Предлог – Детален Урбанистички План (ДУП) за УБ 10, УО 10.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 151/2017 од 11.2022 год., е изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје.

Член 2

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.01.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/2014 и 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2022 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2022 година .

Член 3

Одлуката стапува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-92/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.01.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) Советот на општина Пробиштип на седницата оддржана на ден 30.01.2023 донесе:

**ДЕЛОВНИК**

**За изменување и дополнување на Деловникот за работа на Совет за социјална заштита на Општина Пробиштип**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник за работа се врши изменување и дополнување, на деловникот за работа на совет за социјална заштита на општина Пробиштип бр 26-267/12 од 25.02 2022 година и тоа :

Во членот 2 ставот 3 се менува и гласи: „Надлежности на Советот за социјална заштита на општина Пробиштип се:

- Ја следи, анализира и ги констатира состојбите на социјалната заштита на локално ниво и обезбедува координација на активностите на членовите на Советот за социјална заштита, државните институции, здруженијата на граѓани, лиценцираните даватели на социјални услуги, кои дејствуваат во областа на социјалната заштита во општината;

- Креира локални политики за задоволување на социјално-заштитните потреби на населението;
- учествува во планирање мерки и активности за заштита од социјални ризици, како и превенција и надминување на социјалните проблеми што неповолно се одразуваат врз добросостојбата на жителите;
- врши мапирање на социјалните проблеми и идентификација на ранливите групи во општината
- ги анализира капацитетите и расположливите социјални услуги на локално ниво,
- Иницира и координира меѓуопштинската соработка на општините во областа на социјалната заштита;
- Иницира и координира прекуграничната соработка со региони од други земји во областа на социјалната заштита;
- Ги проценува специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината;
- Изготвува социјален план за подрачјето на општината врз чија основа градоначалникот изготвува годишна програма за социјалната заштита која ја донесува советот на општината;
- Донесува деловник за работа на ССЗ;
- Учествува во изготвување на годишна програма за социјална заштита на општината и истата ја усвојува, и ја доставува до градоначалникот и до советот на општината;
- Усвојува завршен годишен извештај, кој го доставува до градоначалникот и до советот на општината
- Врши и други работи поврзани со остварувањето на социјалната заштита во општина Пробиштип."

Се додава нов став 4 кој гласи:

„Советот за социјална заштита на општина Пробиштип дискутираат на теми условени од специфичните општински состојби и контекст и од актуелните социјални потреби. Тематски области за кои може да се дискутира на седниците на ССЗ се:

-Социјални проблеми поврзани со социјалниот развој: сиромаштија, невработеност, социјална нерамноправност, социјална исклученост, миграции, конфликти, урбанизација, популациски промени, еколошки проблеми, проблеми на лица со попреченост и изнемоштени стари лица и сл.;

-Социјални проблеми поврзани со девијантно однесување: криминалитет кај возрасни, малолетничко престапништво, алкохолизам, зависност од droги, проституција, коцкање, просење, трговија со луѓе, агресии (семејно насилство, меѓуврсничко насилство и сл.) и автоагресии (самоубиства и обиди за самоубиства).

-Социјални проблеми што настануваат како последица на природни непогоди и епидемии: пожари, поплави, епидемии, земјотреси и сл. Во зависност од темата за дискусија на седницата на ССЗ, еден член од ССЗ, кој според професионалниот ангажман има најмногу сознанија за тој проблем, претходно се

номинира како известител. Известителот е должен да го елаборира проблемот на седницата и да сподели расположливи информации за него (обем, етиологија, специфичности, последици, времетраење, предлог решенија и сл.) со членовите на ССЗ„.

Се додава нов став 5 кој гласи: „Советот за социјална заштита на општина Пробиштип е со мандат од 4 години“.

Член 2

Во членот 4 се додава нов став 2 кој гласи: „На членот на ССЗ му престанува мандатот ако поднесе оставка , во случај на смрт, ако го изгуби статусот на вработено лице во институцијата/организацијата што ја претставува, ако го изгуби статусот односно основот по кој членува во ССЦ, ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над шест месеци, ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност.

Во случај на престанок на мандатот на член на ССЗ пред истекот советот на општината на предлог на градоначланикот именува нов член по истиот основ. Градоначалникот на општината му предлага на советот на општината престанок на мандатот за членот на ССЗ кој неоправдано отсуства од три седници на ССЗ по ред. “

Во членот 4 се додава нов став 3 кој гласи: „Членовите на ССЗ имат право и должност да присуствуват на седниците и да учествуваат во работата на ССЗ и на негови постојани или повремени подгрупи. Членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози.“

Член 3

Членот 5 се менува и гласи: „Со работата на Советот раководи Претседателот на Советот , претставникот од општинската администрација. А на првата седница од редот на номинираните членови на ССЗ се избира негов заменик со мандат од четири години со право на повторен избор во тековниот мандат.

Обврски на претседателот се: да ги свикува и раководи седниците на ССЗ, да се грижи за органзиацијата и работата на ССЗ, тековно да го информира градоначланикот и советот на сопштината за работата, за заклучоците и за предлозите на ССЗ.“

Член 4

Во членот 6 рокот од 30 дена се менува и гласи „ 20 дена“.

Член 5

Членот 7 се менува и гласи:„Советот се состанува по потреба, а најмалку еднаш месечно.

Седница на Советот ги свикува Претседателот на Советот на сопсвена иницијатива или се свикува по барање на најмалку 1/4 од членовите на Советот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Доколку претседателот на ОССЗ не свика седница во определениот рок, членовите на советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница. Денот, часот и местото на одржувањето на седниците на ОССЗ, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се доставуваат до членовите на ОССЗ најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата

Вонредна седница на ССЗ свикува претседателот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на ССЗ. Во известувањето за

свикување на вонредната седница, се наведува времето, местото на одржување и дневниот ред на седницата. ССЗ не може да го менува дневниот ред за вонредната седница".

Член 6

Член 9 се брише.

Член 7

Во членот 10 се додава нов став 3 кој гласи :„Седниците на ССЗ се јавни. За исклучување на присуството на јавноста на седницата, се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со деловникот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на ССЗ"

Член 8

Во членот 11 став 2 се брише.

Член 9

Во членот 17 се додата став 2 и 3 кој гласат: „За разгледување на прашања и утврдување предлози од одредена област, ССЗ од својот состав може да формира постојани и повремени подгрупи.

Подгрупите се основаат заради поголема фокусираност и ефикасност во решавање одредени социјални проблеми што се препознаени како доминантни во општината (на пример, подгрупа за семејно насилство, подгрупа за болести на зависност и сл.) или како дел од проект/програма финансирани од други извори".

Член 10

Во членот 25 став 1 и став 4 се брише зборот „координатор"

Член 11

Во член 28 став 3 се брише.

Член 12

Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за социјална заштита стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-92/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.01.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.01.2023 донесе:

## ДЕЛОВНИК
### За работа на Советот за социјална заштита на општина Пробиштип
### (Пречистен текст)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник за работа се уредува начинот на работа и на одлучување на Советот за социјална заштита на општина Пробиштип (во понатамошниот текст:ССЗ), како и други прашања од значење за работата на ССЗ.

Деловникот за работа на ССЗ е задолжителен за сите негови членови како и за сите други учесници во работата на ССЗ.

Член 2

Советот за социјална заштита на општина Пробиштип се основа заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на општината, развивање на локалните мерки и активности за социјална заштита.

Советот за социјална заштита на општина Пробиштип го сочинуваат:

-Претставници од општинска администрација

-ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип

-Јавна установа Центар за социјална работа Пробиштип

-Здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита

-Општинска организација на Црвен Крст Пробиштип

-Верски заедници

-ООУ„Браќа Миладиновци“ Пробиштип

-ООУ„Никола Карев“ Пробиштип

-СОУ„Наум Наумовски Борче “Пробиштип

-ЈЗУ Здравствен Дом Нада Михајлова Пробиштип

-АВРСМ Центар за вработување Пробиштип

-Полициска станица Пробиштип

Надлежности на Советот за социјална заштита на општина Пробиштип се:

- Ја следи, анализира и ги констатира состојбите на социјалната заштита на локално ниво и обезбедува координација на активностите на членовите на Советот за социјална заштита, државните институции, здруженијата на граѓани, лиценцираните даватели на социјални услуги, кои дејствуваат во областа на социјалната заштита во општината;
- Креира локални политики за задоволување на социјално-заштитните потреби на населението;
- учествува во планирање мерки и активности за заштита од социјални ризици, како и превенција и надминување на социјалните проблеми што неповолно се одразуваат врз добросостојбата на жителите;
- врши мапирање на социјалните проблеми и идентификација на ранливите групи во општината
- ги анализира капацитетите и расположливите социјални услуги на локално ниво,
- Иницира и координира меѓуопштинската соработка на општините во областа на социјалната заштита;
- Иницира и координира прекуграничната соработка со региони од други земји во областа на социјалната заштита;
- Ги проценува специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината;
- Изготвува социјален план за подрачјето на општината врз чија основа градоначалникот изготвува годишна програма за социјалната заштита која ја донесува советот на општината;
- Донесува деловник за работа на ССЗ;

- Учествува во изготвување на годишна програма за социјална заштита на општината и истата ја усвојува, и ја доставува до градоначалникот и до советот на општината;
- Усвојува завршен годишен извештај, кој го доставува до градоначалникот и до советот на општината
- Врши и други работи поврзани со остварувањето на социјалната заштита во општина Пробиштип

Советот за социјална заштита на општина Пробиштип дискутираат на теми условени од специфичните општински состојби и контекст и од актуелните социјални потреби. Тематски области за кои може да се дискутира на седниците на ССЗ се:

-Социјални проблеми поврзани со социјалниот развој: сиромаштија, невработеност, социјална нерамноправност, социјална исклученост, миграции, конфликти, урбанизација, популациски промени, еколошки проблеми, проблеми на лица со попреченост и изнемоштени стари лица и сл.;

-Социјални проблеми поврзани со девијантно однесување: криминалитет кај возрасни, малолетничко престапништво, алкохолизам, зависност од droги, проституција, коцкање, просење, трговија со луѓе, агресии (семејно насилство, меѓуврсничко насилство и сл.) и автоагресии (самоубиства и обиди за самоубиства).

-Социјални проблеми што настануваат како последица на природни непогоди и епидемии: пожари, поплави, епидемии, земјотреси и сл. Во зависност од темата за дискусија на седницата на ССЗ, еден член од ССЗ, кој според професионалниот ангажман има најмногу сознанија за тој проблем, претходно се номинира како известител. Известителот е должен да го елаборира проблемот на седницата и да сподели расположливи информации за него (обем, етиологија, специфичности, последици, времетраење, предлог решенија и сл.) со членовите на ССЗ.

Советот за социјална заштита на општина Пробиштип е со мандат од 4 години.

Член 3

По потреба во работата на ССЗ се вклучуваат и други заинтересирани институции и организации.

Секој од членовите на ССЗ и претставниците кои учествуваат во работата на ССЗ, можат да овластат другу лице за средбата доколку не можат да присуствуваат.

Член 4

Доколку претставникот - член на ССЗ, не дојде на седница најмалку три пати едно подруго без за тоа да има оправдана причина, неговото членство во ССЗ престанува и се бара именување на друг претставник.

На членот на ССЗ му престанува мандатот ако поднесе оставка , во случај на смрт, ако го изгуби статусот на вработено лице во институцијата/организацијата што ја претставува, ако го изгуби статусот односно основот по кој членува во ССЗ, ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над шест месеци, ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност и др.

Во случај на престанок на мандатот на член на ССЗ пред истекот советот на општината на предлог на градоначланикот именува нов член по истиот основ. Градоначалникот на општината му предлага на советот на општината престанок на мандатот за членот на ССЗ кој неоправдано отсуства од три седници на ССЗ по ред.

Членовите на ССЗ имат право и должност да присуствуват на седниците и да учествуваат во работата на ССЗ и на негови постојани или повремени подгрупи. Членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози.

Член 5

Со работата на Советот раководи Претседателот на Советот , претставникот од општинската администрација. А на првата седница од редот на номинираните членови на ССЗ се избира негов заменик со мандат од четири години со право на повторен избор во тековниот мандат.

Обврски на претседателот се: да ги свикува и раководи седниците на ССЗ, да се грижи за организацијата и работата на ССЗ, тековно да го информира градоначланикот и советот на сопштината за работата, за заклучоците и за предлозите на ССЗ.

Член 6

Конститутивната седница на Советот за социјална заштита ја свикува претставникот од општинската администрација во рок од 20 дена од денот на именувањето на членови во Совет за социјална заштита на општина Пробиштип.

Член 7

Советот се состанува по потреба, а најмалку еднаш месечно.

Седница на Советот ги свикува Претседателот на Советот на сопсвена иницијатива или се свикува по барање на најмалку 1/4 од членовите на Советот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Доколку претседателот на ССЗ не свика седница во определениот рок, членовите на советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница. Денот, часот и местото на одржувањето на седниците на ССЗ, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се доставуваат до членовите на ОССЗ најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата

Вонредна седница на ССЗ свикува претседателот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на ССЗ. Во известувањето за свикување на вонредната седница, се наведува времето, местото на одржување и дневниот ред на седницата. ССЗ не може да го менува дневниот ред за вонредната седница“.

Член 8

Присуството на седниците на Советот за социјална заштита на општина Пробиштип претставува право и обврска на секој негов член, активно учество, непосреден ангажман за давање на предлози и нивно усвојување.

На седниците на Советот по потреба се канат и сите субјекти кои се лиценцирани за давање на социјални услуги во општината, здруженија на граѓани, синдикати, стручни лица од областа на социјалната заштита и дуги релевантни чинители од општината. Со поканата за седница им се испраќа и предлог дневниот ред и подготвените предлог материјали.

На седниците на Советот за социјална заштита може да присуствуваат и други претставници на локални, регионални и национални организации и институции, јавни претпријатија и други чинители заинтересирани за социјалната заштита во општината

Претставниците од став 2 и 3 имаат право на учество во дискусијата без право на одлучување.

II. НАЧИН НА РАБОТА

Подготовка и свикување на седниците

Член 10

ССЗ работи на седници.

На седниците ССЗ зазема став, дава мислење, покренува иницијативи и со препораки предлага решенија и одлучува за прашања од својата надлежност.

Седниците на ССЗ се јавни. За исклучување на присуството на јавноста на седницата, се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со деловникот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на ССЗ

Член 11

Седниците на ССЗ ги свикува и води претседателот, а во случај на негова спреченост заменик претседателот.

Член 12

Иницијатива за свикување на седница на ССЗ може да покрене секој негов член или нивните заменици.

Иницијативата за свикување на седница на ССЗ се покренува со барање за свикување на седница и образложение во писмена форма доставено до претседателот електронски или во печатена форма.

Претседателот е должен да свика седница на ССЗ во рок што ќе го побараат подносителите на иницијативата или најдоцна 10 дена од поднесувањето на барањето со образложение за итноста на предложениот материјал.

Член 13

Седниците на ССЗ се свикуваат со покана и предлог дневен ред, предлог записникот од претходната седница и работен материјал најмалку 5 дена пред одржувањето на седницата.

Поканата, предлог дневниот ред и работните материјали до членовите се доставуваат во пишана форма по пошта или електронска пошта.

Во исклучителни случаи седницата може да се свика во покус рок од предвидениот и усно без доставување на покана односно работен материјал.

Работните материјали ги изготвува претседателот на точката на дневниот ред или друга надлежна институција.

Предлагачот на точката на дневниот ред може да побара помош од општинската администрација во подготвувањето на работните материјали.

Член 14

Дневниот ред за седницата го предлага претседателот, а го усвојува ССЗ на самата седница.

Подготовки за свикување на седниците на ССЗ и утврдување на конечниот предлог на дневниот ред ги врши претседателот во соработка со општинската администрација -координатор

Секој член може да предложи измени и дополнувања на дневниот ред со образложение.

Дневниот ред се усвојува ако за него се изјасниле мнозинството од присутните членови на ССЗ.

Одржување на седниците

Член 15

Седницата ја отвара и со неа раководи претседателот на ССЗ, а во случај на негова спреченост заменик претседателот.

Во случај на неможност на одржување на седница на Советот со физичко присуство поради објективни околности, седницата на Советот може да се одржи и по пат на видеоконференциска врска.

Седниците почнуваат во закажаното време и на закажаното место за одржување на седницата.

За присуството се води евиденција.

Член 16

Седница на ССЗ се одржува доколку на истата присуствуваат мнозинство од членови.

Член 17

На седници на ССЗ можат да присуствуваат и да учествуваат во работата на ССЗ , стручни лица и претставници на други институции и организации од областа за која се расправа.

За разгледување на прашања и утврдување предлози од одредена област, ССЗ од својот состав може да формира постојани и повремени подгрупи.

Подгрупите се основаат заради поголема фокусираност и ефикасност во решавање одредени социјални проблеми што се препознаени како доминантни во општината (на пример, подгрупа за семејно насилство, подгрупа за болести на зависност и сл.) или како дел од проект/програма финансирани од други извори“.

Член 18

Седницата започнува со усвојување на записникот од претходната седница и усвојување на дневниот ред.

Член 19

Расправите, дискусиите и одлучувањето на седниците се врши по точките од дневниот ред.

Претседателот отвара претрес по секоја точка од дневниот ред.

Претседателот во текот на водењето на седницата предлага ставови, мислења, иницијативи, препораки и заклучоци, дава и одзема збор и го одржува редот на седниците.

Член 20

Времетраењето на расправите и дискусиите е ограничено на 5 мин.

Дискусијата на учесникот може да биде прекината од претседателот доколку отстапува од дневниот ред.

Редоследот на учесниците во дискусијата е согласно пријавувањето.

Член 21

Закажаната седница на ССЗ може од оправдани причини да биде откажана или прекината.

За откажување на одржувањето на седницата Претседателот ги известува членовите и воедно ги известува за променетиот датум и време на одржување на откажаната седница.

Прекин на седницата може да настане и поради грубо кршење на редот на седницата за што одлучува ССЗ.

Член 22

ССЗ може да побара мислење, ставови и препораки по одредени значајни прашања од правните служби во општина Пробиштип пред нивното конечно усвојување.

Член 23

По правило ССЗ своите мислења, препораки, предлози и документи ги усвојува со консензус од присутните, или со гласање доколку претседателот, односно членовите на ССЗ претходно тоа го побарале.

Член 24

Своите мислења, препораки, заклучоци и предлози ССЗ ги доставува до Советот на општина Пробиштип, до други релеванти институции, организации, здруженија и правни лица, како и до средствата за јавно информирање, за што одлучува ССЗ.

Членовите кои го претставуваат Советот на општина Пробиштип, треба да доставуваат до ССЗ, пред оддржување на следната седница на Советот на општина Пробиштип, инфомација за точките од Дневниот ред на седницата, доколку има точки кои се од интерес и поврзани со делокругот на работата на ССЗ и обратно со цел ОССЗ да може да дискутира за нив и навреме да даде свое мислење до Советот на општина Пробиштип.

Член 25

За секоја одржана седница на ССЗ се води записник. Записникот го води и изготвува номинираното лице од општина Пробиштип, член на ССЗ и тој треба да содржи:

- број на седница
- датум, место, и време на одржувањето на седницата
- имиња на присутни и отсутни членови на ССЗ
- дневен ред на седница
- кратка содржина на секоја дискусија
- усвоени ставови, мислења, заклучоци и документи.

Секој член на ССЗ може да побара во записникот да биде внесено неговото мислење.

Записникот го потпишува претседателот на ССЗ, а се усвојува на првата наредна седница.

Записниците од седниците на ССЗ ги чува и за нив е одговорен номинираното лице од општина Пробиштип член на ССЗ.

Член 26

ССЗ редовно ја информира јавноста за своето работење преку средствата за јавно информирање како и преку други соодветни облици на јавно информирање.

III. ИНТЕРАКЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПОЕДИНЦИ

Член 27

Пред одлучувањето по одредени значајни прашања, ССЗ може да побара мислења, ставови и препораки од што е можно поширок круг на организации на засегнати страни и експерти, а особено од граѓански организации непосредно засегнати или ангажирани во таа сфера.

Член 28

ССЗ ја предлага и усвојува програмата за социјална заштита на општината.

ССЗ има право во спроведувањето на своите активности да соработува со соодветните институции и организации и да бара информации и податоци потребни за извршувањето на својата работа.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Измени и дополнувања на овој Деловник се вршат по предлог на било кој член на ССЗ, и се сметаат за усвоени доколку за нив гласале 2/3 од присутните членови.

Член 30

Овој Деловник стапува во сила од денот на неговото усвојување.

Број 26-92/12-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.01.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.